**Здравствени препораки за превозници –странски државјани кои доаѓаат од средно и високо ризични земји во РСМ**

1. Лицето-возач на превозно средство (ладилник) , странски државјанин при влез во Република Северна Македонија, задолжително да носи лична заштитна опреама (маска, ракавици за еднократна употреба);
2. Лицето не смее да биде без личната заштитна опрема и во случај кога излегува од превозното средство за сопствени потреби ( полнење гориво на бензинска пумпа, пазарење од маркет и сл.) ;
3. Лицето да биде сместено во објект определен од страна на домашната компанија со која соработува каде ќе се спроведува краткотрајна самоизолација за време на траењето на неговиот престој со постојано преземање на мерки за лична хигиена;
4. При пристигнувањето на граничниот премин и влез во РСМ, да потпише изјава со која се обврзува да ги почитува горенаведените мерки . Текстот на изјавата да биде изготвен на еден од следните странски јазици:албански , англиски , германски, италијански.
5. За лицето –возач , заради краткиот престој во РСМ (најмногу два дена) не треба да се изврши тестирање од причина што може да биде лажно негативен заради евентуалниот период на инкубација.
6. Во компанијата каде теба да се врши утовар/истовар на прехрамбени продукти, постапката да ја спроведуваат наши вработени лица, а возачот-странски државјанин да биде во кабината на возилото или на безбедно растојание од најмалку два метра од вработените лица ,со лична заштитна опрема.